ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 03 - 1660 / 1
15.11.2023
СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 105**

**Скопје, 15. 11. 2023 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на истражувач во сите научни звања во научна област маркетинг и бизнис менаџмент на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој

**Стр. 11**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент истражувач во сите соработнички звања во научна област маркетинг на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој

**Стр. 14**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент истражувач во сите соработнички звања во научна област бизнис и менаџмент на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој

**Стр. 17**
**РЕФЕРАТ**
за избор на асистент истражувач во сите соработнички звања во научна област сметководство, ревизија и финансии на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ И БИЗНИС МЕНАЏМЕНТ НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ

Со Одлука бр. 02-10/3 од 29. 9. 2023 година на Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на истражувач во сите научни звања по група предмети од научна област на маркетинг и бизнис менаџмент на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој. На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања објавен на 6. 9. 2023 се пријави кандидатот вон. проф. д-р Филип Ивановски.

По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатот вон. проф. д-р Филип Ивановски. ги задоволува условите наведени во конкурсот. Рецензентската комисија во состав од: проф. д-р Марјан Бојаџиев, проф. д-р Снежана Христова и проф. д-р Илијана Петровска го изготви следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања во областа на маркетинг и бизнис менаџмент објавен во дневниот весник Нова Македонија на 6. 9. 2023 година се пријави кандидатот вон. проф. д-р Филип Ивановски.

**Биографски податоци**

Филип Ивановски е роден на 19.12.1971 година. Основното образование го завршува во ОУ "Едвард Кардељ" (денешно ОУ "Ѓорѓија Пулевски" во општина Аеродром во 1986). Средно училиште завршува во УСО "Раде Јовчевски-Корчагин" во Скопје во 1990 година и истата година се запишува на Машинскиот факултет на Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје. Дипломира на отсекот за производно машинство во јуни 1996 година и почнува со волонтерска работа како инженер во одделот за развој на компанијата СЕФ Скопје.

Во јануари 2007 година, Ивановски го почнува својот ангажман на Универзитетот Американ Колеџ како предавач по предметот Продажен Менаџмент, а од 2009 година и по предметот Оперативен Менаџмент односно Основи на управување со операции на додиплмски студии.

На 08.10.2009 година на седница ННС на Факултетот за деловна економија и организациски науки (ФДЕИОН) при УАЦС, м-р Филип Ивановски е повторно избран во соработничко звање асиситент по група предмети од од областа на маркетинг и менаџмент на ФДЕИОН.

Во јуни 2009 година, м-р Ивановски запишува докторски студии од областа на маркетинг на Економскиот Факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. На 04.09.2009 година, ННС на Економскиот факултет- Скопје ја одобрува темата за докторска дисертација поднесенаод Комисијата во состав: проф. д-р Нада Секуловска, проф.д-р Бобек Шуклев и проф.д-р Снежана Ристевска-Јовановска.

На 26.12.2013 година м-р Филип Ивановски ја одбранува својата докторска дисертација

под наслов "*Физичко позиционирање на производот во малопродажните објекти и негово влијание врз продажбата и профитабилноста*", со што се стекнува со научниот степен доктор на економски науки, согласно Уверение бр. 0903-4014/1 од 27.12.2013 година издадено до Економскиот факултет во состав на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На 07.04.2014 на 4-тата седница ННС на Факултетот за деловна економија и организациски науки (ФДЕИОН) при УАЦС, д-р Филип Ивановски е избран во научно звање Доцент по група предмети од областа на менаџмент и маркетинг на ФДИОН. Изборот е направен на предлог на рецензентската комисија во состав: вон.проф. д-р Нинко Костовски, проф.д-р Зоран Шапуриќ и доц.д-р Илијана Петровска.

На 08.03.2019 на 2-та седница ба ННС на Факултетот за деловна економија и организациски науки (ФДЕИОН) при УАЦС, доцент д-р Филип Ивановски е избран во насловно звање Вонреден Професор по група предмети од областа на маркетинг на ФДЕИОН. Изборот е направен на предлог на рецензентската комисија во состав: проф.д-р Томе Неновски, проф.д-р Евица Делова и проф.д-р Никица Мојсоска- Блажевски.

**Работно искуство**

Од септември 1997 година почнува со волонтерска работа во Пивара Скопје АД, каде од јануари 1998 стапува во работен однос во Секторот за развој каде работи како инженер се до септември 2002 година. Во тој период, во септември 2001 година како стипендист на Пивара Скопје АД почнува постдипломски на Сити Колеџот во Солун, на дисперзираните МБА студии на Универзитетот Шефилд од Велика Британија. Студиите ги завршува на смерот општ менаџмент на 20-ти јули 2005 година со одбрана на магистерската работа *"Private label trends in FYR Macedonia, retailers' motives, key success factors for introduction and customers perception"*.

Од септември 2002 до септември 2004 година, Ивановски е раководител на Оделот за одржување и развој на Словин Југококта АД, кога компанијата освен со полнење на брендовите Јупи и Кокта, почнува со производство и лансирање на францускиот бренд Оранжина.

Паралелно со овој ангажман, Ивановски е консултант за новиот старт-уп, брендот на флаширана вода Горска. За помалку од 2 години, грин-филд проектот за пуштање на производство на брендот Горска вода успешно завршува и во октомври 2004 година Ивановски станува извршен директор на оваа компанија. Под негово раководство, во следните 6 години производите под брендот Горска стануваат едни од најуспешните и најпродавани во категориите вода и сокови на пазарот во Македонија и пошироко.

Од декември 2010 година, Ивановски е назначен за извршен директор на Пакомак Доо, новоформирана компанија од страна на 11 големи македонски компании од прехрамбената индустрија. Основна дејност на компанијата е организирање на систем за селекција и рециклирање на амбалажниот отпад што го создаваат граѓаните и компаниите. Компанијата од тогаш бележи континуиран раст и станува препознатлив бренд во делот на заштита на животната средина и рециклирањето на отпадот.

Од септември 2017 година, Ивановски е Претседател на Асоцијацијата за управување со посебни текови на отпад при Стопанската Комора на РС Македонија. Од 2018 година е член на Управниот Одбор на ЈУ СОС Детско Село Македонија.

Во периодот од 2011 до 2023 година, Пакомак Доо кој го води Ивановски е добитник на 4 награди за општествена одговорност кои ги доделува Министерството за економија на РМ, награда за Македонски Квалитет во 2019 година доделена од Претседателот на Републиката, како и бројни признанија и благодарници од институции, организации и општини.

**Области на истражување**

Маркетинг, Циркуларна Економија, Операции

**Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

*Публикации:*

1. Ivanovski F, (2009) Sopstveni marki (**Private Labels)** , Bilten na Ekonomski Institut Skopje, p.115, Ekonomski institut Skopje

2. Ivanovski F, (2010) **Prodazen Menadzment (Sales Management)**- teaching book, UACS Skopje

3. Sapuric Z., Ivanovski F, Karanfilova A, (2013), **Recycling as a core element of Green waste Management: Case study in Macedonia**, International Journal of Ecosystem and Ecology Science, Vol.3, Issue 1, p.163 2013

4. Sapuric Z., Ivanovski F,(2014), **The potential of bio-waste management in Macedonia**, International Journal of Ecosystem and Ecology Science, Vol.4, Issue 1, p.513, 2014

5. Sapuric Z., Ivanovski F,(2015), **Public awareness and household separate waste collection Case study in Macedonia**, International Journal of Ecosystem and Ecology Science, Vol.5, Issue 4, p.495, 2015

6. Zoran Sapuric, Mihail Kochubovski, Dame Dimitrovski, Filip Ivanovski (2017), **Future potentials of regional landfill Drisla in Skopje,** Journal of Environmental Protection and Ecology 18, No2, p. 597-604 (2017)

7. Zoran Sapuric, Filip Ivanovski, Dame Dimitrovski (2017), **Challenges of waste management in city of Skopje**, International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences (ISEES), Vol 7/4, p.743-748 (2017)

8.Zoran Sapuric, Filip Ivanovski, Dame Dimitrovski (2018), **Challenges of the implementation of air regulation and standards in Macedonia,** International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences (ISEES), Vol 8/4 page 839-844;

9. Makedonka Dimitrova, Filip Ivanovski (2018), **Почеток од нула! Водич за создавање сопствен бизнис.** Институт за Претприемништво и Лидерски Развој. ISBN 978-608-66204-0-0, Скопје

10. Makedonka Dimitrova, Filip Ivanovski (2018), **Бизнис План: Насоки и примери,** Институт за Претприемништво и Лидерски Развој 978-608-66204-1-70, Скопје

11. Zoran Sapuric, Filip Ivanovski (2019), **Challenges of interaction of business sector and public administration in North Macedonia**, Uniwersytet Kazimierza Wielkiego, Poland. Chapter of the book “ Administrowanie i zarządzanie w sektorze publicznym, teoria i praktyka”. p.p. 106-119. (Management in the sector of public administration, Theory and practice. Edit by prof d-r Tomasz Bojar Fijalkowski.

12. Zoran Sapuric, Filip Ivanovski, Dame Dimitrovski (2019), **Relations between industrial policy and environment: case study of North Macedonia** Abstract Book, 9 th International Conference of Ecosystem ICE 2019, Tirana Albania, organized by Health and Environmental Association, Albania and University of Maryland College Park, MD US, 7-10 June, 2019. June, Tirana.

13. Zoran Sapuric, Filip Ivanovski, Vladimir Naumovski (2020), **Implementation of European Union Green Industrial Policy and Regulation in N. Macedonia**, International Journal of Ecosystems and Ecology,(IJEES), Volume 10/3, ISSN 2224, p.p 501- 507 (10.31407/ijees10.310)

14. Zoran Sapuric, Filip Ivanovski, Dame Dimitrovski, Mihail Kochubovski, Ana. K. Maznevska (2020), **Regional Approach of Waste Management in N. Macedonia,** Journal of Environmental Protection and Ecology( JEPE), ISSN 1311- 50, Vol-21,-No 3-2020, p. p. 1053-1061.

15. V. Naumovski, Z. Sapuric, F. Ivanovski, D. Dimitrovski (2020), **Comparative Analysis of Western Balkan for Granting State Aid for 2017 with Respect to to Environmental Support: Case of Serbia, Albania and Macedonia.** *Mechanical Engineering – Scientific Journal*, Vol. **38,** No. 1, pp. 51–65 (2020), UDC 621, CODEN: MINSC5 (https://www.mesj.ukim.edu.mk/journals/article/view/42)

16. Z. Sapuric, F. Ivanovski, D. Dimitrovski, Ana. K. Maznevska, V. Naumovski (2020), **The Problems with Waste Management in Landfill Dirsla in Skopje.** Abstract Book 10th International Conference of Ecosystems, June 2020, Tirana, ISBN 978-9928-4443-4-9

17. F. Ivanovski, Z. Sapuric, V. Naumovski, D. Dimitrovski, (2020) **Main factors that Influence Public awareness and Citizens Behaviour for Waste Selection – case Study of N. Macedonia.** 10TH International Confrence od Ecosystems, ISBN 978- 978- 9928-4443-4-9 Tirana Albania, June 25-26,2020. Abstract Book, Orgnised by University of Maryland College Park < ESSIC, MD USA Konya Technical University,Turkey, Polytechnic University, Torino Italy and Environmental and Health Association Tirana , Albania.

18. Z. Sapuric, F. Ivanovski, D. Dimitrovski, (2022) **The Importance of Implementation of Environmental International Conventions into the National Legislation: Case study of North Macedonia**. Book of Abstracts, International Scientific Conference, GREDIT 2022, Green Development, Infrastructure and Technology, University of St. Cyril and Methodius and BENA, Skopje 6-8 May 2022. ISNB.978 -608 -4624-34 -9.

19. D. Dimitrovski, V. Naumovski, F. Ivanovski, N. Manev, (2022), **Environmental Impact Modelling for Western Balkans Mobility Development Scenario Based on Electricity Production Energy Mix**, Journal of Environmental Protection and Ecology( JEPE), Vol-23,-No 3-2022, p. p. 1113-1122 (https://www.researchgate.net/journal/Journal-of-Environmental-Protection-and-Ecology-1311-5065?_tp=eyJjb250ZXh0Ijp7ImZpcnN0UGFnZSI6Il9kaXJlY3QiLCJwYWdlIjoicHVibGljYXRpb24iLCJwcmV2aW91c1BhZ2UiOiJwcm9maWxlIiwicG9zaXRpb24iOiJwYWdlSGVhZGVyIn19)

20. Д. Ковачевски, М. Димитрова, Ф. Ивановски, (2022) **Практикум за менаџмент и маркетинг во рана фаза на алтернативни туристички потфати.** ИПЛР Скопје**,** ISBN 978-608-66982-0-1

(http://dx.doi.org/10.13140/RG.2.2.36038.14407)

21. М. Димитрова, Ф. Ивановски, Д. Ковачевски, Н. Поп-Костова, С. Темова, Е. Бундалеска, (2022) **Годишен Извештај за Секторот МСП за 2021,** (2022)**,** Агенција за поддршка на Претприемништвото на РС Македонија, (http://dx.doi.org/10.13140/RG.2.2.10452.88963)

Меѓународното списание *Journal of Environmental Protection and Ecology* за 2017 година има импакт фактор 0.679, а петгодишниот импакт фактор е 0.523.

Меѓународното списание *International Journal of Ecosystems and Ecology Sciences* за 2017 година има импакт фактор 1.811, а тригодишниот импакт фактор е 1.378.

*Учество на позначајни конференции:*

1. "13-th International Conference of Ecosystems", 09-10 June 2023, online, Illinois, USA. Organizer: IJEES
2. "Implementation of Circular economy in the solid waste management", 29-30 May 2023, Skopje. Organizer: Macedonian Solid Waste Association (MASWA)
3. "Supporting Green Transition through Circular Economy Road Maps", Istanbul 19-20 April 2023. Organizer: OECD South-East Regional Program
4. "Forum 22: Bridging the Social and Economic", online 06.12.2022. Organizer: The Coca-Cola Company, Atlanta USA
5. MEF Energy Forum 2022: Socially Justified and Democratic Energy Transition in Times of Energy Crisis, 30 June-01 July, Ohrid. Organizer: ZIP Institute
6. "Packaging Waste and Sustainability Forum", 03-05 May 2022, Brussels. Organizer: Informa Connect and EXPRA Brussels
7. Решавање проблеми со методот А3, 04.12.2020, Скопје. Организатори Камбурис и Барба, д-р Б.Сименуновиќ, д-р И. Јовановиќ
8. "Liquidity and How to Fight It", 11.06.2020 online. Organizer: Controlling Business Center Skopje.
9. "Combating global climate change and strengthening Cooperation in waste management", 28-29 March 2019, Istanbul. Organizer: IREMCON Turkiye

**Вештини и знаење**

- Странски јазици: англиски (одлично), српски (одлично).
- Возачка дозвола, работа со компјутер (MS Office – Word, Excel, Power Point), Corel Draw, Internet.

Од означениот преглед на работа и биографијата произлегува дека кандидатот Филип Ивановски подолго време се занимава со практична и научно-истражувачка активност во областа на маркетинг и бизнис менаџментот.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно со позитивните прописи, му предлагаме на Советот УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој да го избере кандидатот Филип Ивановски во звање научен советник во областа на маркетинг и бизнис менаџментот.

Рецензентска комисија:

проф. д-р Марјан Бојаџиев, , с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Снежана Христова, , с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Илијана Петровска, , с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА ВО НАУЧНА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ**

Со Одлука бр. 02-10/6 од 29. 9. 2023 година на Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент истражувач по група предмети од научна област на маркетинг на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој. На конкурсот за избор на асистент истражувач објавен на 6. 9. 2023 се пријави кандидатот м-р Константин Какуринов.

По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатот м-р Константин Какуринов ги задоволува условите наведени во конкурсот. Рецензентската комисија во состав од: проф. д-р Илијана Петровска, проф. д-р Снежана Христова и вон. проф. д-р Филип Ивановски го изготви следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на соработник истражувач во областа на маркетинг објавен во дневниот весник Нова Македонија на 6. 9. 2023 година се пријави кандидатот м-р Константин Какуринов.

**Биографски податоци**

М-р Константин Какуринов (моментално докторант кандидат) е роден на 09.08.1994 во Скопје. Средното образование го завршува во Гимназија Орце Николов во Скопје.

Со високо образование се стекнува на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, на Економски Факултет Скопје, Департман Маркетинг, запишан во 2013/14 година. Дипломира со просечен успех од 8,25 на неговите додипломски студии (Bachelors of Sciences, B.Sc.).

Во учебната 2017/18 се запишува на втор циклус (магистерски) студии на Св. Кирил и Методија, Економски Факултет Скопје, Департман Маркетинг. Студиите ги завршува со просечен успех од 8,71 (Master of Science, M.Sc.). Магистерскиот труд успешно го брани во годината 2021.

Во учебната 2022/23 година, Какуринов се запишува на трет циклус (докторски) студии, на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, на Економски Факултет Скопје, Департман Маркетинг. Неговата дисертација е со фокус на потрошувачко однесување и прехранбена индустрија.

**Работно искуство**

Од 2023 година, Какуринов е во редовен работен однос на Универзитетот Американ Колеџ Скопје како маркетинг и алумни координатор.

Дополнително неговите редовни работни обврски, Какуринов има долга историја на учество на, и организација, интернационални научни конгреси и конференции (од 2014та година), на кои активно земал учество со публикација и презентација на неговите трудови пред интернационална публика.

**Области на истражување**

- маркетинг, психологија на потрошувачко однесување и нутриционизам.

**Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

**Конференции**

- Konstantin Kakurinov (2022). **Brand symbolism in children aged 3-5 years in Macedonia.** *International Scientific Congress of Economic Sciences – ECONOMICON 2022.*
- Konstantin Kakurinov, Snezhana Ristevska-Jovanovska (2023). **Theory of mind in children aged 3-5 years – Relevance, Correlation with Brand Symbolism and Food-related Development.** *International Scientific Congress of Food Quality and Safety, Health and Nutrition – NUTRICON 2023.*

**Публикации**

- Konstantin Kakurinov (2022). **Brand symbolism in children aged 3-5 years in Macedonia.** *The Economix, Vol. 1, pp. 38-48.*
- Konstantin Kakurinov, Snezhana Ristevska-Jovanovska (2023). **Theory of mind in children aged 3-5 years – Relevance, Correlation with Brand Symbolism and Food-related Development.** *Journal of Hygienic Engineering and Design, Vol. 44.*
- Konstantin Kakurinov, Snezhana Ristevska-Jovanovska (2023). **Executive Functioning in children aged 3-5 years – Relevance, Correlation with Brand Symbolism and Food-related Development.** *Journal of Hygienic Engineering and Design, Vol. 44.*

**Дополнителни релевантни усовршувања**

- **Certificate for "Review of scientific journals indexed in SCOPUS"**. Issued by Scientific Foundation SPIROSKI, Sep 2020.

**Вештини и знаење**

- Јазици: македонски (C2 - мајчин), англиски (C1), српски (B2), француски (A2)
- Возачка дозвола
- Дигитални вештини (MS Office пакет, Adobe пакет, Buffer, Notion, Canva, напредна употреба и познавање од Chat GPT за академски потреби и слични алатки)

Од означениот преглед на работа и биографијата произлегува дека кандидатот Константин Какуринов подолго време се занимава со практична и научно-истражувачка активност во областа на маркетинг.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно со позитивните прописи, му предлагаме на Советот УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој да го избере кандидатот Константин Какуринов во соработничко звање асистент истражувач во областа на маркетинг.

Рецензентска комисија:

проф. д-р Илијана Петровска, с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Снежана Христова, с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Филип Ивановски, с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА ВО НАУЧНА ОБЛАСТ БИЗНИС И МЕНАЏМЕНТ НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ

Со Одлука 02-10/5 од 29. 9. 2023 година на Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент истражувач по група предмети од научна област на бизнис и менаџмент на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој. На конкурсот за избор на асистент истражувач објавен на 6. 9. 2023 се пријави кандидатката м-р Надежда Поп Костова.

По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатката м-р Надежда Поп Костова ги задоволува условите наведени во конкурсот. Рецензентската комисија во состав од: проф. д-р Марјан Бојаџиев, проф. д-р Снежана Христова и доц. д-р Ивона Милева го изготви следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на соработник истражувач во областа на бизнис и менаџмент објавен во дневниот весник Нова Македонија на 6. 9. 2023 година се пријави кандидатката м-р Надежда Поп Костова.

**Биографски податоци**

Надежда Поп-Костова е родена на 16.11.1988 во Гевгелија, Република Северна Македонија. Основното образование го завршува во ОУ „Кочо Рацин" во Нов Дојран, а средното образование во Богданци во  СОУ „Богданци "каде завршува општствено-хуманистичка гимназија со највисока оцена 5.00. Високото образование го продолжува на Универзитет Американ Колеџ Скопје на Факултетот за деловна економија и организациони науки и во 2010 година дипломира со највисоки почести на насока менаџмент. Магистерските студии ги продолжува на УАКС на прогорама МБА-менаџмент и добива титула Магистер по бизнис администрација.

Во 2022 година се запишува на докторски студии на ДБА програма и моментално е докторанд на УАКС.

За време на додипломските студии Надежда присуствувала на голем број меѓународни летни школи од областа на Претприменишто и бизнис, меѓународен менаџмент и стратегии. Во 2009та година, Охридскиот инстиут за економски стратегии и меѓународни односи  ја избира за претставник на летна школа во Виена.  Во 2010 година присуствува на Бизнис план Форум на Универзитет во Зеница, БиХ и како дел од меѓународен тим го освојува првото место за најдобар интернационален бизнис план. Во 2012та година добива стипендија од ДААД за изучување на германски јазик и престој од 1 месец  на Техничкиот Универзитет во Минхен, Германија.

Во 2013 година станува дел од консултантска компанија како менаџмент консултант каде во период од 5 години работи на голем број национални документи (стратегии, физибилити студии, истражувања) и консултантски услуги за странски инвеститори (истражување на пазар, бизнис планови).

Во 2018 година, Центарот за управување со знаење на Република Северна Македонија ја избира за претставник на работилница за претприемништво во Софија, Република Бугарија каде добива прво место за најдобар бизнис модел.

Во 2019 година станнува дел од Универзитетот Американ Колеџ Скопје како координатор за постдипломски студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје.

***Наставно-образовна дејност***

Во 2019 година е ангажирана како надворешен соработник-наставник во ПСУ Американска гимназија Скопје по предметот Бизнис и претприемништво, а од 2021 година и како универзитетски соработник на Факултетот за деловна економија и организациони науки на Универзитетот Американ Колеџ – Скопје, по предметот Меѓународен менаџмент и глобализација.

Во 2022 година се сертифицира како IB  наставник и започнува со предавања по ИБ предметот Бизнис и менаџмент во ПСУ АХСС.

Во 2023 година Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје ја избира во соработничко звање асистент по група предмети од областа на бизнис менаџмент, меѓународен менаџмент и претприемништво.

Интересот и дополнителното надоградување го развива во областа на претпиемништвото и меѓународниот менаџмент преку истражувања и учество на конференции и работилници.

**Области на истражување**

- претприемништво, менаџметнт, меѓународен менаџмент

**Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

***Универзитет Американ Колеџ Скопје***

Pop Kostova, N., Dimitrova, M., Tomovska-Misoska, A., Bojadjiev, M. Impact of education on entrepreneurial intentions among students in the Republic of North. 14th annual international academic conference on European integration, Innovating Europe. University American College Skopje and University Tor Vergata Rome, Conference Proceedings 2019.

Учебник: Планирање и стратегии / Снежана Христова ; коавтори Ивона Милева, Кате Трајкова, Надежда Поп Костова. - Скопје : Универзитет Американ колеџ, 2022. - 184 стр. : илустр. ; 30 см

***Emerald Publishing***

Mileva, I., Pop-Kostova, N. and Boshkovska, N.J. (2023), "Family Ties Shaping the Entrepreneurial Intentions", Ramadani, V., Kjosev, S. and Sergi, B.S. (Ed.) Entrepreneurship Development in the Balkans: Perspective from Diverse Contexts, Emerald Publishing Limited, Bingley, pp. 15-32. https://doi.org/10.1108/978-1-83753-454-820231002

**Вештини и знаење**

- Странски јазици: англиски (одлично), германски (почетно), француски (почетно)
- Работа со компјутер (MS Office – Word, Excel, Power Point)

Од означениот преглед на работа и биографијата произлегува дека кандидатката Надежда Поп Костова подолго време се занимава со практична и научно-истражувачка активност во областа на бизнис и менаџмент.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно со позитивните прописи, му предлагаме на Советот УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој да ја избере кандидатката Надежда Поп Костова во соработничко звање асистент истражувач во областа на бизнис и менаџмент.

Рецензентска комисија:

проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

проф. д-р Снежана Христова, с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Ивона Милева, с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ СОРАБОТНИЧКИ ЗВАЊА ВО НАУЧНА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО РЕВИЗИЈА И ФИНАНСИИ НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ**

Со Одлука бр. 02-10/4 од 29. 9. 2023 година на Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на асистент истражувач по група предмети од научна област на сметководство, ревизија и финансии на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој. На конкурсот за избор на асистент истражувач објавен на 6. 9. 2023 се пријави кандидатот м-р Стефан Таневски.

По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатот м-р Стефан Таневски ги задоволува условите наведени во конкурсот. Рецензентската комисија во состав од: проф. д-р Марјан Петрески, вон. проф. д-р Душица Стевчевска Србиноска и доц. д-р Горан Василев го изготви следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот за избор на соработник истражувач во областа на сметководство, ревизија и финансии објавен во дневниот весник Нова Македонија на 6. 9. 2023 година се пријави кандидатот м-р Стефан Таневски.

**Биографски податоци**

М-р Стефан Таневски е роден на 30.03.1997 во Љубљана, Словенија. Средното образование го завршил во ПСУ Алгоритам во Скопје. Во текот на своето образование, тој се стекнува со неколку сертификати од Ерасмус+ организацијата поради активно учество на средношколски размени.

Со високо образование се стекнува на Универзитет Американ Колеџ Скопје (University American College Skopje), во 2020 година. Дипломирал во областа на Сметководство и Ревизија, на насока Сметководство и Ревизија (Bachelors in Audit and Accounting), со просечен успех 3,62.

Во учебната 2020-2021 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје (University American College Skopje) во областа на Финансии и Банкарство (Master of Finance and Banking). Студиите ги завршил во 2021 година, со просечен успех 3,32. Истата година, го одбранил магистерскиот труд.

Во учебната 2023/24 година, Таневски се запишал на трет циклус (докторски) студии. Неговата докторска дизертација е во областа на Монетарната Економија, со фокус на каналите на трансмисија.

Во својата биографија, кандидатот зборува за своето познавање на странски јазици; покрај англискиот јазик, Таневски го познава и германскиот јазик - почетно ниво. Неговиот мајчин јазик е македонскиот јазик.

Во моментот е асистент по група предмети од областа на економија на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

**Работно искуство**

Од 2020 година, Таневски е во редовен работен однос на Универзитетот Американ Колеџ Скопје како асистент по група предмети од областа на сметководство и финансии.

**Области на истражување**

- монетарна економија, пазар на труд, финансиски пазари – берзи, бихевиорални финансии, економија на домаќинства

**Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

**Публикации**

1. Tanevski S. (2022) Fundamental analysis and its predictive power in forecasting stock returns: evidence from Dow Jones Industrial Average (DJIA). Asian Journal of Finance & Accounting 14 (2), 1-14, DOI:
10.5296/ajfa.v14i2.18952

**Конференции**

1. Hristova S, Srbinoska D, Tanevski S, Spasoski I (2022) FinTech and the Customer Experience: How to Embrace Change in Macedonian Banking Industry? 85$^{th}$ Anniversary, Faculty of Economics and Business, Belgrade, Serbia.
2. Petreski, M. and Tanevski, S. ‘Bargain your share’: The role of workers’ bargaining power for labor share, with reference to transition economies. XXIV Conference on International Economics, 15-16$^{th}$ June, 2023, Alcalá de Henares, Madrid, Spain.

**Дополнителни усовршувања**

- Тренинг камп за работа со родови податоци, UN Women Macedonia, 2023, Измир, Турција.

**Вештини и знаење**

- Странски јазици: англиски (одлично), германски (основно),
- Возачка дозвола, работа со компјутер (MS Office – Word, Excel, Power Point), Datawrapper,Stata

Од означениот преглед на работа и биографијата произлегува дека кандидатот Стефан Таневски подолго време се занимава со практична и научно-истражувачка активност во областа на сметководство, ревизија и финансии.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно со позитивните прописи, му предлагаме на Советот УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој да го избере кандидатот Стефан Таневски во соработничко звање асистент истражувач во областа на сметководство, ревизија и финансии.

Рецензентска комисија:

проф. д-р Марјан Петрески, с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

вон. проф. д-р Душица Стевчевска Србиноска, с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

доц. д-р Горан Василе, с.р.

Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

## OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE

ISSN 1857-5323